- во глава 11 Надоместоци за дистрибуција на берзански информации во делот Други берзански информации, надоместокот за издавање потврда во врска со историски податоци од тргувањето за поединечна хартија од 250 денари +ДДВ да го намали на 180 денари +ДДВ;

- во глава 11 Надоместоци за дистрибуција на берзански информации во делот Други берзански информации, да го избрише надоместокот за доставување одговор на барање во врска со историски податоци од тргувањето за поединечна хартија;

- во глава 12 Ослободувања по точка 12. 1 да додаде нова точка 12.2 која гласи „ Одлука на одборот на директори на Берзата од точка 12.1 се применува по добивање согласност од Комисијата за хартии од вредност“;

- во глава 13 Усогласување на висината на надоместоците со промените во курсот на денарот процентот од 2% да го измени на 5%;

- во глава 14 Преодни и завршни одредби во точка 14. 1 по зборот „донесување„ се додаваат зборовите „а ќе се применува во период од 01.06.2008 година до 01.10.2008 година.

3. Се задолжува Македонска берза АД Скопје по постапувањето по точка 2 од ова решение да достави до Комисијата за хартии од вредност пречистен текст на Тарифникот на Македонска берза АД Скопје.

4. Жалбата изјавена против ова Решение не го одлага неговото извршување.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 01.06.2008 година до 01.10.2008 година.

Бр. 08-2018/4 Комисија за хартии од вредност
19 мај 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева Кавракова**, с.р.

---

**1171.**

Врз основа на член 46, став 1 точка в) и став 2 и член 184 точка л) од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 19.05.2008 година, донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Тарифникот за висината на надоместоците на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје број 0202-4462/1 од 16.05.2008 година.

2. Се задолжува Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во рок од 7 календарски дена од денот на приемот на ова решение да изврши измена на точка 1.9 од глава III од Тарифникот за висината на надоместоците, надоместокот за издавање на потврди по барање на физички и правни лица во висина од 300,00 денари да го намали на 200,00 денари.

3. Се задолжува Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје по постапувањето по точка 2 од ова решение да достави до Комисијата за хартии од вредност пречистен текст на Тарифникот на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

4. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.06.2008 година до 01.10.2008 година.

Бр. 08-2027/3 Комисија за хартии од вредност
19 мај 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**1172.**

Врз основа на членовите 190, 166-а и 167 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008)), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 07.05.2008 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД СТРАНА НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СТЕКНАТИ ОДНОСНО ОТУЃЕНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА ПРАВНИ ИЛИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА

Член 1

Со Правилникот за известување од страна на акционерско друштво со посебни обврски за известување за стекнати односно отуѓени хартии од вредност на правни или физички лица (во понатамошниот текст: Правилник), се уредува формата и содржината на извештаите за трансакциите со кои правни или физички лица заедно со поврзаните лица со нив, директно или индиректно се стекнуваат со повеќе од 5% од било кој род на хартии од вредност издадени од друштвото или продаваат односно отуѓат на друг начин хартии од вредност така што заедно не поседуваат повеќе од 5% од хартиите од вредност на друштвото.

Член 2

(1) Друштвото во рок од десет (10) работни дена од денот на порамнување на трговска трансакција или извршување на нетрговски пренос на хартиите од вредност согласно член 1 на овој Правилник доставува извештај до Комисијата за хартии од вредност, во форма и содржина согласно Прилог 1.

(2) Известувањето од став 1 на овој член ги содржи следните податоци:

1.назив на друштвото издавач на хартиите од вредност кое го доставува известувањето;

2. назив на документот кој се доставува;

3. матичен број на друштвото-издавач на хартиите од вредност;

4. адреса и седиште на друштвото;

5. правен основ(и) за пренос на хартиите од вредност за кои се известува;

6. бројот на хартии од вредност и процентот на учество на истите во основната главнина на друштвото кое известува;

7. податоци за физичките лица (име и презиме и адреса односно државјанство и број на пасош во случај кога се работи за странски државјанин) односно правните лица (целосен назив и матичен број) кои се стекнале односно ги отуѓиле хартиите од вредност во висината определена од член 1 на овој правилник;

8. број и процент на хартии од вредност на физичките односно правните лица во друштвото пред настанување на промената, а за кои друштвото поднесува извештај;

9. име, презиме, потпис и функција на одговорно лице во друштвото;

10. печат на друштвото кое поднесува извештај;

11. забелешки и коментари на друштвото кое поднесува извештај.

(3) Друштвото известувањето го изготвува во интегрална форма и истото не треба да содржи дополнителни рачно внесени податоци.

(4) Известувањето на друштвото кое се доставува до Комисијата за хартии од вредност во писмена и електронска форма е идентично во двете форми на доставување.

Член 3

Доколку известувањето од член 2 на овој Правилник, не ги содржи потребните информации односно истото не е целосно како и во случај на доставување на дополнителни податоци, друштвото е должно да даде посебно писмено образложение кое ќе се смета за составен дел на доставениот извештај до Комисијата за хартии од вредност.

Член 4

Доколку, друштвото не е во можност навремено да го достави известувањето од член 2 на овој Правилник, должно е веднаш да ја извести Комисијата за хартии од вредност во електронска и писмена форма, при тоа јасно наведувајќи ги причините поради кои не е во можност да постапи согласно Законот за хартии од вредност и овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-379/3 Комисија за хартии од вредност
7 мај 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.

**Прилог 1**

**И З В Е С Т У В А Њ Е**
**од акционерско друштво со посебни обврски за известување за стекнати односно отуѓени хартии од вредност на правни или физички лица**

Број и датум на известувањето______________________

Врз основа на Законот за хартии од вредност акционерското друштво ________________________________________, со матичен број __________, ул"__________________" број ______ град,село______________, со седиште на ул"__________________" број ______ град,село______________, известува дека:

1. На ден ____________ година, извршен е трговски/ нетрговски пренос на акции со следниот правен основ: ________________________________________;
2. Извршен е пренос на _______ акции со ______% учество во основната главнина на друштвото
3. Со акциите се стекнало/отуѓило правното лице __________________, со матичен број_______________
4. Со акциите се стекнало/отуѓило физичкото лице _________________, адреса________________.
5. Со акциите се стекнало/отуѓило странското физичкото лице _________________, со државјанство_______________ и број на патна исправа (пасош)__________________.
6. пред настанување на промената за која се поднесува извештај физичкото/правното лице во друштвото имало _________акции со______% учество во основната главнина;

**Назив на друштвото** _____________

**За друштвото** ______________________,_________**(име и презиме и функција)**

**Потпис и печат** ___________

**Забелешки:**________________________________________________________
______________________________________________________________________

**1173.**

Врз основа на член 190, а во врска со членовите 158, 159, 161 и член 167 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), Комисијата за хартии од вредност на седницата одржана на 07.05.2008 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВРЕМЕТО И НАЧИНОТ НА ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ НА ЦЕНОВНО ЧУВСТВИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ**

Член 1

(1) Со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации на акционерските друштва со посебни обврски за известување (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува времето и начинот на обелоденување внатрешни ценовно чувствителни информации-известување за судски постапки.

(2) Во член 3 став 1 алинеја 11 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации на акционерско друштво со посебни обврски за известување (Службен весник на Република Македонија бр. 110/2006), се менува и гласи:

"Известување за сите судски постапки во кои е вклучено акционерското друштво како тужител односно тужена страна, чија вредност изнесува најмалку 5% од вредноста на капиталот на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, согласно Прилог 1 кој е составен дел од овој правилник.

(3) Известувањето Комисијата за хартии од вредност го објавува како ценовно чувствителна информација.

(4) Комисијата за хартии од вредност води евиденција на пристигнатите известувања поодделно за секое акционерско друштво со посебни обврски за известување."

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-435/3 Комисија за хартии од вредност
7 мај 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова**, с.р.